ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# КЛАСА 9 - ДРУГИ ОСИГУРУВАЊА НА ИМОТ

## УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТОТ ВО ЈАМИТЕ НА РУДНИЦИТЕ СО ПОДЗЕМНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА

### Член 1

(1) Предмет на осигурување, во смисла на овие Услови, може да биде имотот што го с очинуваат подвижни и неподвижни работи во рударски јами, и тоа:

1) градежни објекти:јамски простории и објекти со соодветна потпора(подградба) од сите видови и типови чија вредност е опфатена во вредноста на јамските простории и објекти, енергетски вентилациони дупки и бунари за одводнување со челични цевки или со осигурени потпори:

2) опрема инсталациона во јамските простории и објекти:електромашинска опрема со инсталации, опрема за механизирано вадење на супстанции, транспортни и други уреди, заштитни уреди и апарати и друга опрема;

3) работни моторни возила, шински возила(локомотиви), јамски колички (вагонотеки)и самоодни работни машини на сопствен погон во јамите;

4) потпори(подградби) од сите водови и типови;

5) резерви.

(2) Ако посебно се договори и во полисата или во друга исправа за осигурување се означи, предмет на осигурувањето може да бидат и:

1) стварите на трети лица земени на послуга и наем, заради поправка, преработка и чување;

2) стварите на работниците што се наоѓаат на местото на осигурувањето;

3) ленти, синџири и јажиња на транспортните уреди од ризикот кршење и зарушување) рушење.

(3) Предмет на осигурувањето во смисла на овие Услови не можат да бидат:супстанцата и масата што се експлоатира и трајно напуштените јамски простории и објекти(стари работи).

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

### Член 2

(1)Со осигурувањето на овие Услови се дава осигурителна заштита од следните опасности (ризици) и тоа:

1) од пожар и удар на гром, експлозија од нуклеарна енергија,манифестации и демонстрации, од удар од сопствено работно моторно и шинско возило и сопствени самоодни работни машини во осигурениот грдежен објект.

2) од кршење и (зарушување) рушење.

(2) Ако посебно се договори и плати соодветна премија,осигурителната заштита се проширува и на следните опасности(ризици);

1) поплави и порои;

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

2) подземни води;
3) пробивање на вода преку таваницата;
4) поплави од течен жив песок во јамата;
5) зарушување што ќе се појави како последица од горски удар;
6) ненадејно навлегување и концентрација на опасни (експлозивни отровни и загушливи гасови)

(3) Осигурувањето од ризикот од ставот 2 точки 4,5 и 6 од овој член може да се склучи само под следните услови;

1) поплави од течен жив песок во јамата, само ако е склучено и осигурување од поплави и порои и подземни води;
2) рушење (зарушување) како последица од горски удар, ако е склучено и осигурување од кршење и (зарушување) рушење;
3) ненадејно навлегување и концентрација на опасни гасови ако е склучено осигурување од пожар и некои други опасности (член 2 став 1,точка 1)

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПОЖАР И УДАР НА ГРОМ
## Член 3

(1) За пожар, во смисла на овие Услови, се смета оган настанат од било која причина, кој гори во вид на пламен и жар и со својата топлотна сила ги оштетува, уништува ,односно ги заробува осигурените ствари.

(2) За пожар, во смисла на овие Услови, се смета и жариште настанато со оксидација - самозапалување (ендоген пожар) на супстанцата која се експлоатира и на јаловите придружни наслојки,под услов со анализа на јамскиот воздух (период на инкубација и индукција) да е утврден локалитетот на жариштето во јамата, чие формирање и развој со преземените мерки не можело да се спречи.

Остварувањето на горенаведените опасности се докажува со решение од надлежната рударска инспекција.

Во случај кога јамата или дел од јамата привремено се затвори, штетата на привремено напуштените осигурени средства се утврдува откако повторно ќе се отвори јамата или делот од јамата.

(3) Со осигурувањето од опасност удар на гром, во смисла на овие Услови, се покриваат штети на осигурени ствари од дејството на силата или топлината од громот, како и штети од удар на предметите паднати од силата на громот.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ЕКСПЛОЗИЈА
## Член 4

(1) Експлозија, во смисла на овие Услови, се смета ненадејно пројавување на сила, заснована на стремежот за проширување на пареата или гасовите, како и експлозија на јаглениот прав и експлозивни средства во јамата.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

Експлозија на садови под притисокпостои кога ѕидовите на садот се во толкава мера искинати да настанува моментално изедначување на внатрешниот и надворешниот притисок.

(2) Со осигурувањето не се опфатени:

1) штети на предметите на осигуреникот предизвикани од минирања што се вршат во рамките на неговата дејност или во рамките на дозволената дејност на трети лица;

2) штети на машини предизвикани од експлозија во просторот за внатрено согорување (цилиндер на моторот);

3)штети што се последица од намалување на притисокот во садот.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД МАНОФЕСТАЦИИ И ДЕМОНСТРАЦИИ
### Член 5

(1) Манифестација и демонстрација, во смисла на овие Услови,се смета организирано јавно пројавување на расположение од страна на група луѓе.

(2)Се смета дека настанал осигурен случај манифестација или демонстрација ако осигурената ствар е уништена или оштетена, на било кој начин, од делувањето на манифестантите односно демострантите (со рушење, демолирање, кршење, палење и др. во јамата).

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД УДАР НА СОПСТВЕНО МОТОРНО И ШИНСКО ВОЗИЛО И НА СОПСТВЕНА САМООДНА РАБОТНА МАШИНА ВО ЈАМАТА
### Член 6

1) Со осигурувањето се опфатени штети на осигуреникот градежен објект што настануваат од удар на сопствено моторно и шинско возило или сопствена работна машина.

(2) Со осигурувањето се опфатени и штети на други осигурени предмети кои ќе настанат како последица на рушење на градежен објект или делови на објектот, предизвикани со удар на моторно возило во смисла на став (1) од овој член.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД КРШЕЊЕ И ЗАРУШУВАЊЕ
### Член 7

(1) Со осигурувањето од кршење се дава осигурителна заштита од оштетување и уништување на осигурените ствари поради несреќи во јами, под кои се подразбираат настаните кои настануваат непредвидено и од ненадеж во врска со користење на осигурени ствари, како и невнимание, неспретност или зла намера на работниците или кај други лица освен:

1) од опасноста од членот 2 став (1) точка 1 и став (2) точка 1,2,3 и 4 од овие Услови;

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

2) провална кражба, кражба, штетно дејство на нуклеарна енергија;
3) поради недостатоци или грешки, кои постоеле во моментот на склучувањето на осигурувањето, а овие недостатоци или грешки биле или морале да му бидат познати на осигуреникот;
4) непосредни последици на трајни хемиски,термички, атмосверски, механички и други влијанија и условите за сместување и работење (оксидација, стареење, корозија, зрачење, прекумерни вибрации и сл.);
5) последици од сите видови на трошење, абење, абразија, ерозија, кавитација и др;
6) прекумерни наслаги:рѓа,каменец во котлите, талог,тиња и сл., па и ако поради тоа настанало уништување или оштетувањена осигурените ствари;
7) пренапнатост или преоптовареност на машините, машинските и електричните уреди, апарати и инсталација, прекуграниците на нивните проекти параметри;
8) ставање  во погон пред конечната поправка;
9) при монтирање и пробно испитување на новите ствари;
10) динамично вртење на ротационите делови на машините (турборотори) и сл.;
11) за трошоците за поправка на оштетените осигурени ствари,ако штетата се утврди при редовни или периодични прегледи со цел одржување, со исклучок во случаите на ревизија,редовно или периодично прегледување каде што тоа е предвидено со законски прописи и налог од инспекција;како за :парни, гасни и хидротурбини и нивните генератори, парни котли и сл. и тоа само во висина на вредноста на оштетениот дел, доколку истиот дел не бил предвиден  за редовна замена;
12) повредата на законските и техничките прописи како и упатствата за техничката експлоатација на осигурените ствари, како и заштитни мерки;

(2) Зарушувањето во јамите во смисла на овие Услови се смета ненадеен настан кој настанува како последица на голем  притисок,порадикој се деформираат стенските маси, кршати нагло попуштаат така да доаѓа до пробивање и рушење на околниот матерјал во јамските простории(така наречено непланско зарушување), во кој случај осигурените простории се оштетуваат во толкава мера да не можат да служат за својата намена, а осигурените  ствари во нив поради стискање удири и упаѓање на околниот матерјал се деформираат, оштетуваат, уништуваат или се заробуваат.
Зарушувањето настанато како последица на нормален притисок и планско зарушување на кровот и откопаниот простор во одредена фаза на работата не е покриено со осигурување по овие Услови.
Зарушувањето како последица на горски удар не е опфатено со осигурување ако не е поинаку договорено.
Зарушувањето и кршењето кои настануваат како последица на било кој неосигурен дополнителен ризик не е предмет на  осигурување.

(3)Ствари кои не можат да бидат предмет на осигурување;

Предмет на осигурување од ризикот кршење и зарушување не можат да бидат ни тогаш кога  нивната вредност е содржана во вредноста на осигурените ствари:

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

1) сите видови алатки кои служат за обработка на матерјалот,
2) делови на машини кои непосредно служат за кршење и ситнење;
3) делови на машини кои се изложени на директно термичко влијание;
4)делови на машини изложени на трошење-замена;
5)сигурносни елементи со еднократно дејство освен катодните одводници;
6)експлоатационен матерјал (гориво, мазиво,разладни средства,хемикалии,средства за чистење и др.).

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПОПЛАВА И ПОРОЈ
## Член 8

(1) Поплава,во смисла на овие Услови, се смета стихиско неочекувано плавење во рударски јами од постојани води (реки,езера, морињa и др.) затоа што водата се излива од коритото или го поплавила одбрамбениот насип или браната и од надојдување на водата од вештачки езера, која се слева во јамата преку изградените отвори.
Поплава се смета и неочекувано плавење на рударските јами заради нагло образување на големо количество водена маса која се слева преку постојните изградени отвори во јамата, а настанала како последица од пороен дожд и порој.
Порој се смета стихиско неочекувањ плавење на рударската јама со водна маса која се образува на коси терени заради силниатмосверски врнежи и се слева преку постојните изградени отвори во јамата.
Со осигурувањето од поплави се опфатени само штети предизвкани на осигурените ствари за време додека поплавата трае и непосредно по повлекување на водата.

(2) Со осигурувањето не се опфатени;
1) штети од слегнување на почвата како последица од поплава и порој.
2) штети од вода која навлегува во јамските простории и
објекти од реки понорници,како и од навлегување на вода преку
таваницата и од спуштање на површината на почвата,
3)штети од вода која се насобира поради прекин на струјата,
прекин на работењето на пумпите без оглед на причината.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПОДЗЕМНИ ВОДИ
## Член 9

(1) Со осигурувањето се покриени штети од ненадејно навлегување на подземни води во јамските простории кога при изведување на рударски работи неочекувано се дојде до водоводни слоеви или се пробијат водопропустливи стени.
(2) Со осигувањето не се опфатени;
1) штети од слегнување на почвата што настануваат како последица од поплава и порој;
2) штети од вода која навлегува во јамските простории и објекти од реки, езера, морињa и др. според Законот за споени садови;

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански“ бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

3) штети од вода која навлегува во јамските простории и објекти од реки понорници, како и од навлегување на вода преку таваницата и од спуштање на почвената површина;
4) штети од вода која се насобрала заради прекин на струјата, прекин на работењето на пумпите, без оглед на причината.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД НАВЛЕГУВАЊЕ НА ВОДА ПРЕКУ ТАВАНИЦАТА**
**Член 10**

(1) Со осигурувањето се покриени штети поради ненадејно навлегување на водата преку отворот на таваницата до кое е дојдено поради притисокот на водната маса.
(2) Со осигурувањето не се опфатени;
1) штети од вода која навлегува во јамските простории и објекти од реки,езера, морињa и др. според Законот за споени садови;
2) штети од вода која навлегува во јамските простории и објекти од реки понорници, како и постепено навлегување на вода преку таваницата и од спуштање на почвата;
3) штети од слегнување на почвата кое настанува како последица од поплава и порој.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПОПЛАВА ОД ТЕЧЕН ЖИВ ПЕСОК**
**Член 11**

(1) Течен песок во смисла на овие Услови, се смета песок со мошне ситно зрно заситен со вода (т.н.жив песок),со содржина од 20-40% во вода, кој се наоѓа под многу голем притисок над или под лежиштето на супстанцата.
(2) Се смета дека настанал осигурен случај од поплава од течен песок само тогаш, ако при изведувањето на рударските
(2) Се смета дека настанал осигурен случај од поплава од течен песок само тогаш, ако при изведувањето на рударските подземни работи и покрај строго преземени превентивни мерки (пред дупчење) ненадејно дојде до брз притисок кој предизвикува прскање на заштитниот столб, низ чии отвори живиот песок незадржливо ги поплавува јамските простории и ги оштетува или уништува осигурените ствари.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД РУШЕЊЕ ПОРАДИ ГОРСКИ УДАР**
**Член 12**

(1) Подземен горски удар, во смисла на овие Услови ,се смета брза деформација на граничните површини на подземните простории, настаната како последица на брзо пропуштање на матерјалот (одронување на делови од стените) од таваницата и боковите и на посилно истиснување на подните простории со силен тресок, воздушен потрес и удар
(2) Се смета дека настанал осигурен случај на подземен горски удар ако настанал на длабина поголема од 200 метри и акосо својата сила (силно кршење на стените) го

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

разурнал работилиштето или причинил ненадејно моментално и потполно рушење на јамските простории, при што ги оштетил или уништил осигурените ствари.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД НАВЛЕГУВАЊЕ И КОНЦЕНТРАЦИЈА НА ГАСОВИ ВО ЈАМАТА

**Член 13**

(1) Навлегување и концентрација на опасни гасови во јамата, во смисла на овие Услови,се смета максималната концентрација на експлозивни, отровни и загушливи гасови во воздушната струја во јамските простории во кои со примена на посебни заштитни мерки неможе да се изведуваат било какви рударски подземни работи.

(2) Се смета дека настанал осигурен случај на навлегување и концентрација на опасни гасови во јамата само тогаш, ако јамата или дел од јамата (ревир, криво, хоризонт,кат, ходник, и др.) со осигурените ствари по решение на органот надлежен за работи во рударството трајно се затвори,односно ако во случај на привремено затворање на јамите или дел од јамата, по повторното отварање се констатираат евентуални оштетувања или уништувања на осигурените ствари.

## ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНИ СТВАРИ

**Член 14**

Вредноста на осигурената ствар е, доколку поинаку не е договорено:
1)за градежни објекти-јамски простории-цената на изградбата на нов објект спрема цените во местото каде што објектот се наоѓа,намалена за износот на проценетата истрошеност (амортизација).,
2) за машини, уреди и инсталации, транспортни средства и средства за врски, инвентар и јамска потпора (подградба) која се води во групата наосновни средства-набавната цена на нови ствари намалена за износот на проценетата истрошеност (техничка и економска).,
3) за резерви од матерјали-набавната цена, а ако пазарната цена е пониска од набавната, тогаш пазарната цена зголемена за зависните трошоци;
4) за јамска потпора (подградба) во рударските јами, која се води во групата на основни средства, без оглед на нејзината техничка состојба-набавната вредност во време на настанување на осигурениот случај намалена за 40% на име истрошеност (амортизација).

## МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 15**

(1) Осигурувањето важи за времето додека осигурените ствари се наоѓаат во подземните рударски простории означени во полисата;
- кога се монтирани иподготвени за работа,

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански“ бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

- кога се наоѓаат во работа,
- кога се демонтира и ремонтира поради преместување или
поправка како и за време на траење на поправката на местото на користење на осигурените ствари или во работилници на осигуреникот, под услов преместувањето или поправката да ја обавуваат работници на осигуреникот;
- кога се превезуваат во внатрешен превоз поради чистење,
поправки и преместување во кругот на микролокацијата и погонот,а најмногу до 15км. надвор од кругот на микролокацијата.

(2) Осигурувањето е во важност и тогаш кога осигурените ствари ќе се пренесат од местото означено во полисата во други падземни рударски простории во осигурениот рудник.

(3) Осигурувањето е во важност и кога осигурените ствари се дадени во наем или на послуга, доколку работат во услови и служат за намената за која се проектирани и градени, но само на територијата на Република Македонија.

## УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕ
### Член 16

(1) Висината на надоместокот од осигурувањето се утврдува
1) во случај  на уништување на ствари-опрема вредноста наосигурената ствар (член14), во време на настанувањето на осигурениот случај, намалена за вредноста на остатокот;
2) во случај на оштетување на ствари во висина на трошоците за поправка во време на настанување на осигурениот случај,намалена за износот на проценетиот рабат и вредноста на остатокот ако не е поинаку договорено.
Ако трошоците за поправка на една ствар се поголеми одвредноста на осигурената ствар на денот на настанувањето на осигурениот случај, ќе се постапи така како таа ствар да е уништена и надоместокот ќе се пресмета спрема точка 1 од овој став.
Во трошоците за поправки се пресметуваат и трошоците за демонтирање, монтирање и трошоците за превоз целисходно направени.
Износот на проценетиот рабат кај делумни штети не се одбива  доколку тоа посебно не се договори.
Поголемите трошоци за поправка за прекувремена работа,недела, празнична и ноќна работа, се надоместуваат само ако е тоа посебно договорено.
Не се надоместуваат штетите кои би настанале како последица на привремена поправка направена без согласност на осигурувачот.
(2) Поголемите трошоци за отстранување на штети (кај оштетени или уништени ствари) настанати поради направени измени, подобрување или усовршување, паѓаат на товар наосигуреникот.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

(3) Осигурувачот не е во обврска да ја надомести вредност на целиот уред и апарат, ако оштетениот односно уништениот дел не може да се набави или поправи заради тоа што апаратот- уредот е набавен во странство или повеќе не се произведува.
Осигурувачот е во обврска да ја исплати вредноста на оштетениот односно уништениот дел од апаратот, а висината на надоместокот се утврдува пропорционално спрема неговото функционално учество во целината или спрема сличен или истовиден предмет.
(4) Ако сумата на осигурување е помала од вредноста на стварта во времето на настанувањето на осигурениот случај (подосигурување), штетата ќе се надомести во соодност меѓу сумата на осигурувањето и вредноста на осигурената ствар(чл.14)
(5)Штети на полнењето на електрични уреди-масло се надоместуваат во процентуална вредност спрема векот на траење,по важечките прописи и под услов штетата да е последица од оштетување на уредот од опасности опфатени со овие Услови.
(6) Осигурувачот не е во обврска;
1)за посредни штети во врска со настанатиот осигурен случај поради:загуба на закупнина, загуби причинети од прекинот на работата, намалени можности за употреба, казни и поради други слични загуби заради настанатиот осигурен случај.
2) за штети за кои по законските прописи или по договорот одговара производителот, односно испорачателот ја основува одговорноста, а штетата е причинета од причините опфатени со овие Услови,осигуреникот ќе ја надомести штетата на договорувачот на осигурувањето, а потоа ќе стапи до износот на исплатениот надомест во сите права на осигуруренокот спрема производителот односно испорачателот.

## НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ
### Член 17

(1) Со осигурувањето,кога ќе се оствариосигурен случај исто така се покриени:
1) штетите од уништување или оштетување на осигурената ствар причинети при гасење на пожарот, рушење, изнесување укажување на помош на спасување заради настанатиот осигурен случај;
2) штетите поради исчезнување на осигурените ствари при настанувањето на осигурениот случај;
3) трошоците како и други штети причинети со разумно обидување да се острани непосредната опасност за настанување на осигурениот случај како и при обид да се ограничат неговите штетни последици;
4) трошоците направени за расчистување и рушење во врска со настанатиот осигурен случај на осигурената ствар, но најповеќе до 5%од сумата на осигурув-ањето (договорената вредност на осигурените ствари,кои ги одредува договорувачот на осигурувањето), до колку поинаку не се договори.
5) трошоците за премијата на осигурувањето кои влегуваат во трошоците за поправка на оштетените средства, се надоместуваат само ако посебно се договори.
(2)Осигурувачот не е во обврска да ги надомести трошоците направени за остранување на причината на штетата.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

## УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИКОТ ВО ШТЕТАТА (ФРАНШИЗА)
**Член 18**

(1)Осигуреникот учествува во секоја штета причинета од:
1. при кршење и рушење пресметаниот надоместок одосигурувањето се намалува за 10%,(франшиза) но најмалку во денарска противредност од 250ЕУР, на денот на наставување на штетниот настан по средниот курс на Народна банка на Република Македонија,ако поинаку несе договори.
2. оксидација- самозапалување (ендоген пожар), со 10%

## ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТИ
**Член19**

Доколку не се во спротивност со овие Услови, на осигурувањата склучени по овие Услови се применуваат и Општите услови за осигурување на имоти.
Одредбите кои посебно се договараат и задолжително се внесуваат во полисата за осигурувањето искажани во следните;

## КЛАУЗУЛИ

### 1. АКУМУЛАТОРСКИ СТАЦИОНАРНИ БАТЕРИИ

Договорувачот на осигурувањето е должен да одреди стручно лице кое ќе се грижи за акумулаторските батерии.
Договорувачот на осигурувањето е должен за одржување на батериите да се придржува по упатствата од производителот.
Ако договорувачот на оссигурувањето не исполни еден од тие обврски, осигурени-кот не ќе биде во обврска да го надомести делот од штетата причинета заради непридржување на овие обврски.
Ако во време на настанувањето на осигурениот случај постои договор за одржува-ње на батериите, ќе се смета дека наведените обврски се исполнети, а осигурувачот може да го користи правото на регрес од одржувачот на батериите доколку овој не ги завршил
обврските преземени со договорот за одржување.

### 2. РЕВИЗИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНИТЕ МОТОРИ СО НАИЗМЕНИЧНАСТРУЈА, СО СИЛА ПОГОЛЕМА ОД 750 KV, ДВОПОЛНО ИЗВЕДУВАЊЕ ИЛИ ПОВЕЌЕ ОД 1000 KV, ВО ЧЕТИРИ ПОЛНО ИЛИ ПОВЕЌЕПОЛНО ИЗВЕДУВАЊЕ

Со цел да се спречи шетата, договорувачот на осигурувањето, без оглед на почетокот на осигурителната заштита,должен е на свој трошок да врши редовно одржување, ревизија,периодични прегледи и ремонт, во согласност со прописите за технички мерки за погон и одржување на електро-енергетски постројки, со Правилникот за

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

техничките мерки за заштита на електро - енергетските постројки, како и со писмените упатства за погон, одржување, ревизијаа иремонти, што ги даваат производителите на уредите и постројките од овој вид.
Ако договорувачот на осигурувањето повреди некоја од наведените обврски, па заради нивно пропуштање се оствари осигуран случај, тогаш осигурувачот не ќе биде должен таквата штета да ја надомести.

## 3. РЕВИЗИЈА НА ПОДВОДНИ ПУМПИ

Договорувачот на осигурувањето е обврзан, согласно со упатството на производителот, да врши темелно освежување на подводните пумпи, за што благовремено ќе го извести осигурувачот.
Ако договорувачот на осигурувањето не се придржува кон  овие обрски, па заради нивно пропуштање се оствари осигурен случај, тогаш осигурувачот не ќе биде должен таква штета да надомести.

## 4. РАБОТНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА, ШИНСКИ ВОЗИЛА (ЛОКОМОТИВИ) ЈАМСКИ КОЛИЧКИ (ВАГОНЕТКИ) И САМООДНИ РАБОТНИ МАШИНИ НА СОПСТВЕН ПОГОН ВО РУДНИЧКИТЕ ЈАМИ СО ПОДЗЕМНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА

Вклучени се штети поради превртување,испаѓање од шини судар, удар, паѓање или удар на предмет во осигурената ствар,решење на долниот строј од пругата.

## 5. ОСИГУРУВАЊЕ НА АМОРТИЗИАНА ВРЕДНОСТ КАЈ ЛЕНТИ, СИНЏИРИ, ЈАЖИЊА НА ТРАНСПОРТНИТЕ УРЕДИ

А. Не може да се осигурува амортизирана вредност на транспортните гумени, синтетички и текстилни ленти на транспортните уреди. При ликвидација на штетата се одбива наиме амортизација 20% за секоја година на старост на лентата.

Б. Не може да се осигурува амортизирана вредност на челични транспортни ленти, погонски синџири и челични јажиња на транспортните уреди и тоа:

- транспортери со жичана и челична лента,
- членести и верижни транспортери(плочести, коритести и сандучести членови и синџири за погон на сите видови).
- елеватори(вертикални и коси),
- коритести верижни транспортери (погонски синџири, еднострyки виљушкасти синџири, двострук синџир, плочест синџир и сл.)
- подвижни скали (погонски синџир).

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

При ликвидација на штетата се одбива на име амортизација 10% за секоја година старост на лентата и синџирот.

## 6. ОСИГУРУВАЊЕ НА АМОРТИЗИРАНА ВРЕДНОСТ НА ДЕЛОВИТЕ ШТО СЕ АБАТ

Кај деловите што се абат кои во смисла на овие Услови не се исклучени од осигурувањето, како на пр: фаќачки, ведра, лажици, лопати за полнење, лажичести качиња и други слични делови, кои заради зголемено абење за време на работењето мора почесто да се заменуваат, не може да се осигурува амортизираната вредност, односно ќе се одбие соодветниот дел на амортизација.

При ликвидација на штетата се одбива на име амортизација 10% за секоја година старост на оштетената ствар.

## 7. ОСИГУРУВАЊЕ НА АМОРТИЗИРАНА ВРЕДНОСТ КАЈ КЛИПНИ КОМПРЕСОРИ И МОТОРИ СО ВНАТРЕШНО СОГОРУВАЊЕ НАД (200 КС) 147 KV

Не може да се осигурува амортизирана вредност за цилиндер на глава, кошулка од цилиндер и клипови на мотор, односно компресор.

## 8. ОСИГУРУВАЊЕ НА БЕЗЖИЧНИ УРЕДИ И ПРОНАОЃАЊЕ НА ЛИЦА

Преносните безжични уреди и пронаоѓање на лица мора да бидат прицврстени со помош на синџирчиња, шипки, ремени и слично, за облеката на лицата кои тие апарати ги носат. Во спротивно штетите од паѓање на овие апарати не се покриени со осигурувањето.

## 9. ЗАГЛАВУВАЊЕ

Под заглавување се подразбира вклештување на алатите за дупчење во дупките.
Штетите на осигурениот алат се покриени со осигурувањето само тогаш, кога заглавувањето настанува за време на дупчењето.
Не се покриени штетите на цевките за време на бетонирањето, т.е.на полнењето на дупките.

## ПРАВНА ПОУКА

### Член 20

Осигуреникот има право до Министерството за финансии како надлежен орган за супервизија на друштвото за осигурување, да достави жалба во однос на друштвото.